Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 341/2024
Дата..........04-03-2024

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на Општина Охрид се издаваат **Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за СН 10(20) kV подземен кабелски вод од кабелска спојница на КП 1354/8, КО Долно Лакочереј - вон гр., до новопланирана трафостаница ТС 10(20)/0,4 kV на КП 969/9, КО Охрид 4, Општина Охрид.**

Должината на трасата изнесува околу 1 km.

Трасата се сече со траса за која се издаваат Условите за планирање на просторот за Проект за инфраструктура за изградба на пат од магистрален пат до влез на индустриска зона Мауцкер, КО Охрид 4 и КО Долно Лакочереј, Општина Охрид, со тех.бр.У16414.

Планскиот опфат се наоѓа на просторот заштитен како светско природно и културно наследство во Охридскиот регион, заради што е потребно да се почитуваат одредбите согласно Законот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл.весник на РМ, бр.75/10).

Локација се наоѓа во границите на Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион.

**Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.**

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y01224** се составен дел на Решението.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за СН 10(20) kV подземен кабелски вод од кабелска спојница на КП 1354/8, КО Долно Лакочереј - вон гр., до новопланирана трафостаница ТС 10(20)/0,4 kV на КП 969/9, КО Охрид 4, Општина Охрид, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за СН 10(20) kV подземен кабелски вод од кабелска спојница на КП 1354/8, КО Долно Лакочереј - вон гр., до новопланирана трафостаница ТС 10(20)/0,4 kV на КП 969/9, КО Охрид 4, Општина Охрид, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. При изработка на документација за предметниот простор да се побара мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање и Министерство за култура, за утврдување на заштитната зона во која се наоѓа предметната локација и да се почитуваат одредбите од Планот за управување со Светско природно и културно наследство во Охридскиот регион (заштитната зона, режими на заштита, мерки за заштита, дозволени односно забранети активности и други параметри релевантни за конкретниот опфат).

7. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за СН 10(20) kV подземен кабелски вод од кабелска спојница на КП 1354/8, КО Долно Лакочереј - вон гр., до новопланирана трафостаница ТС 10(20)/0,4 kV на КП 969/9, КО Охрид 4, Општина Охрид**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Општина Охрид**, врз основа на член 42 став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20 и 111/23), со постапка бр. 58354 од 02.01.2024 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за СН 10(20) kV подземен кабелски вод од кабелска спојница на КП 1354/8, КО Долно Лакочереј - вон гр., до новопланирана трафостаница ТС 10(20)/0,4 kV на КП 969/9, КО Охрид 4, Општина Охрид. Должината на трасата изнесува околу 1 km.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20 и 111/23), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергија за СН 10(20) kV подземен кабелски вод од кабелска спојница на КП 1354/8, КО Долно Лакочереј - вон гр., до новопланирана трафостаница ТС 10(20)/0,4 kV на КП 969/9, КО Охрид 4, Општина Охрид и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 341/2024 од 19.02.2024 година.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на Република Македонија" бр. 124/15 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение и одлучи како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против решението за услови за планирање на просторот може да се поведе управен спор пред надлежен суд во рок од 15 дена од приемот на решението.

Република Северна Македонија МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

**МИНИСТЕР**
**Каја Шукова**

Изготвил: Исмаил Шехаби

Согласен: Соња Фурнаџиска

Одобрил: Дајана Марковска Ристеска

2. Март



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk